**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ**

**За период Јануари - Март 2020 година**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Март 2020 оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех во износ од 18 милиони денари и е понизок за 11% од 2019 година.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2020 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи од работењето во периодот Јануари-Март 2020 година изнесуваат 1.080 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 4%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 98,7%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2019 година бележат пораст од 4%.

**Вкупни расходи**

Остварените вкупни расходи во периодот Јануари-Март 2020 година изнесуваат 1.049 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 1%.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Март 2019 година изнесуваат 15 милиони денари и кумулативно за 8 години од кога е активиран новиот производствен-дистрибутивен погон инвестициите во основни средства достигнаа 514 милиони денари

**Обврски по кредити**

Вкупната задолженост на 31.03.2020 година изнесува 403 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележат зголемување од 21%.

**Нови вработувања**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Март 2020 реализираше 20 нови вработувања а 18 вработени ја напуштиле компанијата

**Очекувања за престојниот период**

Пекабеско ад во ниеден момент не престана со нормално функционирање на сите процеси и активности!

Целокупното работење во Пекабеско ад е поставено согласно препораките што се носат од страна на надлежните органи и се менаџираат соодветно. Планираните вложувања во нова опрема продолжуваат со несмалено темпо.

Во изминатиот период немавме намалување на бројот на вработени ниту на исплатените плати.

Одредено забавување на извозот на нашите производи очекуваме да се нормализира во текот на вториот квартал.

Ликвидноста на компанијата е задоволителна. Нема репрограмирање на обврските како спрема финансиските институции ниту спрема добавувачите во земјата и странство. Залихите со репроматеријали се поставени на соодветно ниво согласно економската ситуација во земјата и странство.

Компанијата ги следи економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

Друштвото ќе ги преземе сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, и ако треба соодветно ќе ги корегира финансиските проекции за 2020 година. Ако ситуацијата со Ковид-19 се нормализира до почеток на 3-от квартал очекуваме финансиски резултати да се движат во рамките проектираните.

Пекабеско ад